20251994019

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА СИПАНИЦИ КАЈ ОВЦИ И КОЗИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

Член 1

Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на сипаници кај овци и кози се забранува увоз и транзит во Република Северна Македонија на живи домашни и диви овци и кози, семе, јајце клетки и ембриони од домашни и диви овци и кози кои потекнуваат од следните региони во Република Грција:

- Источна Македонија и Тракија – Марица/East Macedonia and Thrace – Evros;
- Источна Македонија и Тракија – Родопи/East Macedonia and Thrace – Rhodopi;
- Источна Македонија и Тракија – Кавала/East Macedonia and Thrace – Kavala;
- Источна Македонија и Тракија – Скеча/East Macedonia and Thrace – Xanti;
- Западна Грција – Етолија - Акарнанија/Western Greece – Aetolia – Acarnania;
- Западна Грција – Ахаја/Western Greece – Achaia;
- Тесалија – Лариса/Thessaly – Larissa;
- Тесалија – Магнезија/Thessaly – Magnisia;
- Тесалија – Трикала/Thessaly – Trikala;
- Тесалија – Кардица/Thessaly – Karditsa;
- Централна Грција – Фокида/Central Greece – Fokida;
- Централна Македонија – Сер/Central Macedonia – Serres;
- Централна Македонија – Пиерија/Central Macedonia – Pieria;
- Централна Македонија – Иматија/Central Macedonia – Imathia;
- Западна Македонија – Лерин/Western Macedonia – Florina и
- Западна Македонија – Кожани/Western Macedonia – Kozani.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз и транзит на живи животни заради заштита од внесување на вирусот на сипаници кај овци и кози во Република Северна Македонија по потекло од Република Грција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 179/25).

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02 – 3183/1
22 септември 2025 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.